**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ВИНИЦА**
**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, ЗЖС, Комунални дејности и ЛЕР**

БР.11 – 434/3
од 13.10.2022 год.
Виница

Градоначалникот на Општина Виница, решавајќи по барањето на Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес, во Општина Виница со технички бр. **62/22** заверено под број 11-434 од 03.10.2022 година, за одобрување на проектна програма, врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20), го издава следното:

# РЕШЕНИЕ

Се одобрува **Проектна програма, со технички број 62/22** од **септември 2022** изработена од Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес, за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Б2.6 – Големи сали, хали, складови и магацини за потребите на трговијата, на КП 2538, КП 2542, КП 2543, КП 2544 и КП 2545, КО Истибања, Општина Виница.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес, поднесе барање за одобрување на **Проектна програма,** со технички бр. **62/22** заверено под број 11-434 од 03.10.2022 година изработена од Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес, за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Б2.6 – Големи сали, хали, складови и магацини за потребите на трговијата, на КП 2538, КП 2542, КП 2543, КП 2544 и КП 2545, КО Истибања, Општина Виница**.

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Проектна програма (pdf)

2. Проектна програма (dwg)

3.Услови за планирање на просторот

4.Полномошно

5.Ажурирана геодетска подлога

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Виница со Решение бр. 03-230 од 24.02.2022 година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Планската програма може да се одобри. Истото го потврди со Предлог одобрување со бр. 11-434/2 од 03.10.2022 година.

Градоначалникот на општината Виница по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20). Врз основа на тоа, а согласно член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова Решение,барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобранието до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

Mile Petkov

Digitally signed by Mile Petkov
Date: 2022.10.13 09:10:36 +02'00'

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

_______________________